Прашања и одговори бр. 4

за јавен повик 01-114/2026, со предмет Масло за горење – мазут М1

Во член 7 од Тендерската документација е наведено која цена треба да се земе како реперна при подготовката на понудата (ден на објава на оглас), при што е предвидено да се земат предвид и евентуалните корекции на цените објавени во дневните весници.

Со цел правилно утврдување на цената врз основа на која треба да се изготви и достави понудата, Ве молиме да ни прецизирате по која конкретна одлука на Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ) треба да се постапи, односно која цена ќе се смета за релевантна при формирањето на понудата дали по Одлука од РКЕ донесена на 26.10.2026 год. имајќи предвид дека крајниот рок за доставување на понудите е 12.11.2026 година.

Бараното појаснување е со цел да се обезбеди единствена основа за формирање на понудите и да се избегнат евентуални различни толкувања и недоразбирања во понатамошната постапка.

Одговор: Согласно корекцијата на тендерската документација (Точка 7 и Прилог 1) објавена на нашата веб страница за реперна се зема цената согласно Одлуката на РКЕ за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт која важи на денот на објавувањето на последната корекцијата на огласот за набавка на Масло за горење – мазут М1 бр. 01-114/2026. Во моментов последна корекција на огласот е на 31.10.2026.

Комисија за јавни набавки